# Записник од состанокот за избор на кандидати во Секторски Комитет за мониторинг на Оперативната програма на МЖСПП за компонентата III од ИПА за регионален развој

**Дата:** 12.05.2008
**Место на одржување:** МЦМС, Скопје

Целта на овој состанок беше да се дефинираат критериумите и механизмите според кои ќе бидат избрани двајца претставници од здруженијата на граѓани кои работат во областа на животната средина (член и заменик член) во Секторскиот Комитет за мониторинг на Оперативната програма за Регионален развој (III компонента од ИПА Инструментот) на МЖСПП.

Состанокот се одвиваше според следниот **дневен ред:**

1. Критериуми за избор на кандидати за членови на Секторскиот Комитет;
2. Механизми и процес на избор на кандидати за членови на Секторски Комитет;
3. Одговорно тело за избор на кандидати за членови на Секторски Комитет;
4. Обрски на избраните (член и заменик член) како во Секторскиот Комитет така и пред еколошките здруженија на граѓани

Г-ѓа Гордана Кожухарова, Раководител на сектор за соработка и проектна координација и Одделение за ИПА инструментот од МЖСПП, накратко ги запозна присутните за Оперативната програма за Регионален развој во рамки на ИПА инструментот, улогата на Секторскиет комитети за мониторинг, како и огромното значење за вклучување на претставник од невладиниот сектор во Секторскиот Комитет за мониторинг на оперативната програма за Регионален развој.

**Критериуми за избор на кандидати за ;ленови на Секторскиот Комитет**

- Одлично познавање на англиски јазик (говорење и пишување)
- 3 годишно работно искуство во областа на животната средина
- Познавање на Регулативата на ЕУ (Оперативната програма за Регионален развој, III Компонента од ИПА) и националното законодавство областа на животната средина.

- SEA/СОВЖС-Стратешка оцена на влијание врз животната средина
- EIA/ОВЖС-Оцена на влијанието врз животната средина
- Закон за животната средина
- Законодавство од областа на транспорт и животна средина
- ➢ Искуство во изработка на развојни програми
- ➢ Искуство во работата на комитети или други раководни тела
- ➢ Технички и финансиски услови на матичната организација која го предлага кандидатот
- ➢ Предмет на работа на организацијата/дејност на работа – заштита и унапредување на животната средина
- ➢ Организацијата не смее да биде поврзана со други членови на Секторскиот комитет (Стопанска комора, ЗЕЛС) или пак со некоја политичка партија

**Обрски на избраните (член и заменик член) во Секторскиот Комитет пред еколошките здруженија на граѓани**

- ➢ Претставување и застапување на усогласените ставови и интереси на здруженијата на граѓани од областа на животната средина во секторскиот Комитет;
- ➢ Редовно информирање и известување за активностите на Секторскиот Комитет преку начин и методологија која ќе се утврди за најприменлива (одржување состаноци, меилинг листи, форум на Еконет)
- ➢ Презентација и дистрибуција на материјали доколку истите не се означени како доверливи (јавни набавки)
- ➢ Задолжително присуство и активно учество на состаноците на Секторскиот Комитет кои се на волонтерска основа и се одржуваат два пати во годината;
- ➢ Мандатот на членот и заменик членот во Секторскиот Комитет е додека трае програмата и истите може да бидат отпуштени доколку не ги извршуваат совесно своите обврски;
- ➢ Претставникот во Секторскиот Комитет потпишува изјава за непристрасност;
- ➢ Изготвување на извештај за здруженијата на граѓани од областа на животната средина по завршување на мандатот

**Механизми и процес на избор на кандидати за членови на Секторски Комитет**

По однос на оваа точка имаше повеќе предлози од страна на присутните претставници на здруженијата на граѓани.

Г-гица Билјана Стевановска од ОРТ, смета дека треба да се предложат организации, односно кандидати по емаил и да се гласа исто така по емаил.

Г-гица Даниела Стојанова од МЦМС, предложи дека може да се искористи механизмот кој што веЌе го користи Граѓанската Платформа на Македонија и може да се прилагоди според потребите.

Г-дин Столе Георгиев од ЦЕЛОР, предложи механизам според кој би се формирала верификациона комисија од 3 члена; да се предложат кандидати од страна на организација; да се контактираат истите дали ги прифаќаат кандидатурите и да достават пријава/предлог за кандидатура. Пријавата треба да содржи профил на организацијата, кратка биографија за предложениот кандидат, образложување на критериумите кои треба да ги исполни кандидатот. Процесот Ќе биде транспарентен и ќе се одвива на порталот Еконет. Во одреден рок (не повеќе од два до три денови) секоја организација гласа за еден од кандидатите (секоја организација има право само на еден глас). Кандидатот кој има најмногу гласови ќе биде член во Секторскиот Комитет, а заменик член ќе биде оној кој ќе биде втор според добиените гласови.

Обврските на членовите на Секторскиот Комитет за мониторинг на оперативната програма за Регионален развој се предвидени и пропишани во член 59 од Регулативата (ЕС) бр. 1085/2006 од 17 јули 2006 за формирање на Инструментот за Пред Пристапна Помош (ИПА). Извадоци од обрските и задолженијата на Членовите во Анекс 1.

## Обврски на Верификационата комисија

Комисијата е составена од три члена и тоа
Г-ѓа Искра Стојковска од Фронт 21/42,
Г-дин Столе Гергиев од ЦЕЛОР
Г-дин Методија Саздов од МЗЦ.

- Треба да состави и да објави повик на порталот Еконет (www.eko.net.mk), најдоцна до 13.05.2008 (вторник);
- Кандидатите поднесуваат предлог за кандидатура, најкасно до 15.05.2008 (четврток)
- Верификување на кандидатурите;

- Собирање и пребројување на гласовите. (Гласањето online ќе трае до 19.05.2008 година (понеделник) до 12 часот.
- Објавување на резултатите на порталот Еконет
- Доставување на информација до Раководител на оперативната програма во Министерство за финансии (CFCD – Централен орган за договарање и финансирање), до МЖСПП и до DG REGIO, најдоцна до 20.05.2008 (вторник)

Членовите на комисијата не можат да бидат предложени кандидати на изборот. Организациите кои имаат членови во Верификациската комисија можат да учествуваат во гласањето и да предлагаат свои кандидати.

Скопје, 12.05.2008 година

Записничар:
Александра Каракашова

АНЕКСИ:

1. Обврски на членовите на Секторскиот Комитет за мониторинг на оперативната програма за Регионален развој
2. Листа на учесници

Секторскиот Комитет се состанува најмалку два пати годишно, на инцијатива на земјата-корисничка или на Комисијата. Изготвува деловодник за работа согласно мандатот на секторскиот комитет. Со Секторскиот Комитет претседаваат раководителот на оперативната структура и Комисијата.

Секторскиот комитет за следење има задолженија:

- Разгледува и одобрува општи критериуми за избор на активности за програмата и компотентата за која се однесува секторскиот комитет;
- Го следи напредокот кон исполнувањето на одобрените цели на оперативната програма врз основа на документацијата доставена од оперативната структура;
- Ги испитува резултатите од спроведувањето, особено достигнувањето на целите одредени за секоја приоритетна оска на програмата;
- Ги испитува и оценува секторските годишни и завршни извештаи за спроведувањето на програмата;
- Го разгледува и испитува секој предлог за изменување на спогодбата за финансирање на програмата;
- Предлага ревизија или испитување на спроведувњето на програмата или на делови од програмата;
- Предлага препораки,.мерки и дава насоки за подобрување на управувањето на програмата, вклучително и финансиското управување;

**Листа на учесници на состанокот за избор на претставник во Секторскиот Комитет за мониторинг на оперативната програма за Регионален развој**

| Ред.бр | Име и презиме | Организација | Телефон | Е-поШта |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јоже Јовановски | МЖСПП | 02 3066 930 лок.120 | J.Jovanovski@moepp.gov.mk |
| 2. | Методија Саздов | МЗЦ - Скопје | 02 3109 373 070 514 000 | sazdov@zeleni.org.mk |
| 3. | Гордана Кожухарова | МЖСПП | 02 3066 930 лок.132 075 402 553 | G.Kozuharova@moepp.gov.mk |
| 4. | Столе Георгиев | ЦЕЛОР - Скопје | 02 3179 456 070 742 601 | georgiev@celor.org.mk |
| 5. | Несим Велиу | Идеал - Тетово | 070 632 818 | Ideali_mk@yahoo.com |
| 6. | Александра Каракашова | МЗЦ - Скопје | 02 3109 373 070 666 230 | aleksandra@zeleni.org.mk |
| 7. | Христифор Манов | МФ (ЦФСД) | 02 3106 624 | Hristifor.Manov@finance.gov.mk |
| 8. | Тони Јакимовски | МФ (ЦФСД) | 02 3106 627 | Jakimovski.toni@finance.gov.mk |
| 9. | Светлана Петровска | Балкански центар за соработка - Скопје | 075 242 773 | spetrovska@freemail.com.mk |
| 10. | Искра Стојковска | Фронт 21/42 - Скопје | 075 433 231 | Iskra.stojkovska@front.org.mk |
| 11. | Илија Саздовски | Проактива - Скопје | 076 404 078 | iko@proaktiva.org.mk |
| 12. | Игор Смилев | Грин Пауер - Велес | 071 669 226 | greenpowermk@yahoo.com |
| 13. | Андријана Славковска | Еко-свест - Скопје | 02 3217 247 070 814 615 | andrijana@ekosvest.com.mk |
| 14. | Ана ЧоловиЌ | Еко-свест - Скопје | 02 3217 247 | ana@ekosvest.com.mk |
| 15. | Биљана Стевановска | ОРТ - Скопје | 02 3079 235 | orts@t-home.mk |
| 16. | Даниела Стојанова | МЦМС-Скопје | | dsj@mcms.org.mk |